Funded by the European Union

Надвор од бариерите: Резилиентност на Ромите во Западен Балкан



Duration: 02.12.2024 - 01.10.2027

Countries:
North Macedonia

EU contribution: € 851 292

Total budget: € 945 880

Implementer:
Association INSOC - Initiative for Social Change in North Macedonia, Roma Versitas Kosovo, Roma Information Center in Bosnia and Hercegovina - Kali Sara, Institute for Roma Culture IRCA Albania, YUROM Center - Serbia

Social media:
facebook.com/romalitico, instagram.com/romalitico

Website(s): romalitico.org/portfolio/nadvor-od-barierite-rezilientnost-na-romite-vo-zapaden-balkan/regional-policy-network-hub-tor-roma-inclusion-policies/vision-mission-strategic-goals-and-activities/

Project description:
Проектот „Beyond Barriers: Roma Resilience in the Western Balkans“(„Надвор од бариерите: Резилиентност на Ромите во Западен Балкан) има за цел да ја унапреди социјалната и економската вклученост на Ромите низ регионот преку посилна соработка, насочена поддршка за вработување и активности за борба против дискриминацијата. Централниот дел на проектот е воспоставувањето на регионален ромски хаб, кој ги поврзува невладините организациите, институциите и донаторите со цел да овозможи координирано застапување и поефективно влијание врз политиките на национално и регионално ниво.

Проектот комбинира три комплементарни пристапи. Ја зајакнува регионалната координација, го поддржува економското зајакнување преку стручна обука и интеграција на пазарот на труд, особено за младите Роми, и го адресира антициганизмот како системски проблем преку подигнување на свеста, застапување и институционален ангажман. Поврзувајќи го развојот на политики со практични мерки за поддршка, проектот придонесува кон поинклузивни политики, подобрен пристап до вработување и препознавање на антициганизмот како посебен расизам врз Ромите.

Expected results:

• Функционална регионална мрежа на ромски и про-ромски организации, со најмалку 30 членови кои активно учествуваат во дијалог и застапување.
• Зголемен пристап до можности за вработување, при што околу 900 Роми ќе имаат корист од мерките за интеграција на пазарот на труд.
• Посилни и покоординирани застапувачки напори за справување со антициганизмот, вклучувајќи активно ангажирање со јавните институции.

• Поголемо препознавање на антициганизмот во институционалните рамки, придонесувајќи кон поинклузивни и поодговорни јавни политики.